**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2020 година.

Бр. 08-469/1
17 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Член 1

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19), во член 5 став (3) зборовите: „членот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите
„министерот за политички систем и односи меѓу заедниците“

Член 2

Во член 20-б став (6) зборовите: „Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Во став (10) зборовите: „Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Во став (12) зборовите: „Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 3

Во член 20-в став (2) зборовите: „Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 4

Во член 42 став (3) зборовите: „Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.